# КОН 51-ОТ БРОЈ НА ГОДИШНИОТ ЗБОРНИК

*Годишниот зборник* на Филозофскиот факултет е првото научно списание на Факултетот и првата научна публикација од ваков вид на нашиот Универзитет.

Педсетгодишнината од излегувањето на едно научно списание какво што е *Годишниот зборник*, за наши прилики, е голем настан од повеќе причини. Прво, затоа што целите и задачите што беа поставени пред првиот Редакциски одбор на *Годишниот зборник* не само што се реализирани туку во некои случаи се и надминати, и второ, затоа што *Годишниот зборник* претставува никулец на повеќе научни списанија и публикации што подоцна ќе се појават не само на нашиот Факултет туку и на другите факултети на нашиот Универзитет.

Во оваа пригода речиси е невозможно да се даде ни најсумарен преглед за богатата научна дејност на Филозофскиот факултет, која наоѓа место и на страниците на *Годишниот зборник* како научно списание на Факултетот. Сепак, не можеме а да не споменеме дека во изминатиот период во *Годишниот* зборник се објавени над 600 научни и стручни прилози од речиси сите генерации наставници и соработници на нашиот Факултет. Научната проблематика која се третира на страниците на *Годишниот зборник* од нашите ценети колеги ги опфаќа сите научни дисциплини и сродните области кои денес се изучуваат на Филозофскиот факултет: филозофија, класични студии, историја, историја на уметноста со археологија, педагогија, социологија, психологија, одбрана, социјална работа и социјална политика, дефектологија, студии за мир и други.

Со други зборови, на страниците на *Годишниот зборник* на најдобар можен начин е презентирана научната мисла на Филозофскиот факултет, нејзиниот подем и развој. И не само тоа, *Годишниот зборник* одигра исклучително значајна улога во афирмацијата на нашата наука, на научниот и стручниот кадар, остварувајќи притоа плодна соработка со над 150 домашни и странски научни институции и установи.

Воспоставената размена со споменатите институции и установи, главно, се одвива преку *Годишниот зборник.* Сето тоа најдобро зборува каков е интересот на странските колеги за научната мисла на нашиот Факултет и за неговиот научен и стручен кадровски потенцијал.

Посебно треба да се одбележи дека излегувањето на *Годишниот зборник* на Филозофскиот факултет и на сродните научни списанија кои подоцна ќе се појават на нашиот Факултет е финасиски помагано од Владата на Република Македонија, во прв ред од Министер-

ството за наука. Таа заемна соработка, на општо задоволство, и овој пат не изостана.

Нека ни биде дозволено уште еднаш да се потсетиме и да им изразиме благодарност на многубројните генерации научни дејци и соработници на нашиот Факултет, на оние кои се меѓу нас, како и на оние кои одамна не се со нас, а кои во изминатиот педесетгодишен период на постоење и развој на Филозофскиот факултет, а со тоа и на *Годишниот зборник,* оставија свои длабоки и неизбришливи траги во неговата научна мисла.



Проф. д-р *Трајан Гоцевски*
*Декан на Филозофскиот факултет*